**20130320853**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 10 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09 и 145/12), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТ НА ПАРИ И ВРЕДНОСТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на обезбедување на транспорт на пари и вредности од страна на Полицијата, по барање на државен орган, институција што врши јавни овластувања и правно лице (во натамошниот текст: корисникот).

Член 2

„Транспорт на пари и вредности” (во натамошниот текст: транспортот) во смисла на овој правилник претставува транспорт на пари и вредности од почетна до крајна дестинација, согласно барањето на корисникот.

„Вредности” во смисла на овој правилник се хартии од вредност, благородни метали, скапоцености, предмети од уметничка, културна, историска и друга значајна вредност.

Член 3

Од страна на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) и корисникот се склучува договор за укажување помош (асистенција) во врска со обезбедување на транспорт на пари и вредности (во натамошниот текст: договорот).

За Министерството договорот го потпишува министерот за внатрешни работи или од него овластен работник.

Договорот се склучува доколку корисникот во Министерството доставил доказ за извршено осигурување на парите и вредностите чиј транспорт се обезбедува кај правно лице за осигурување.

Член 4

Обезбедување на транспорт на територијата на Република Македонија за и од странство, Полицијата врши врз основа на писмено барање за укажување помош (асистенција) во врска со обезбедување на транспорт на пари и вредности (во натамошниот текст: барањето) што корисникот го доставува до началникот на секторот за внатрешни работи на чие подрачје се наоѓа почетната дестинација на транспортот, а за подрачјето на град Скопје до началникот на Единицата за надворешно обезбедување на објекти во Одделот за посебни единици во Централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност.

Барањето од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- назив и адреса на барателот;
- број на телефон и факс и адреса на електронско сандаче на барателот;
- единствен даночен број, банка и број на жиро сметка на барателот;
- возилото што ќе се обезбедува, доколку до поднесувањето на барањето тоа е познато;
- почетна и крајна дестинација на транспортот и
- датум и час на отпочнување на транспортот.

Член 5

Транспорт се врши со специјално или друго соодветно возило на корисникот со придружба на службени возила на Полицијата опремени со уреди за давање на светлосни и звучни сигнали и со преземање на потребни дејствија и активности за организирање и спроведување на мерки за вршење на безбеден транспорт.

Специјалното или друго соодветно возило од ставот 1 на овој член го обезбедува корисникот на сопствен трошок.

Член 6

Транспортот за и од странство се обезбедува до граничен премин, односно се презема од граничен премин:

- по сувоземен пат до и од граничните премини на Република Македонија со соседните држави и
- до и од воздухопловните пристаништа на Република Македонија (аеродроми и хелиодроми).

Работниците на Полицијата одредени за обезбедување на транспортот на почетната дестинација се присутни најдоцна 30 минути пред започнување на обезбедувањето на транспортот.

Член 7

Покрај мерките пропишани со овој правилник, во рамките на извршувањето на полициските работи може да се определат и спроведат и други потребни мерки во согласност со закон заради вршење на безбеден транспорт.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-12585/1
21 февруари 2013 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.